Соглсно, Програмата за спорт и рекреација(ЛО) за 2023 година (бр.09-11889/19 од 26.12.2022 година) и врз основа на член 4 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на материјална поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции кои извршуваат јавен интерес во спортот во општина Кисела Вода и спортски манифестации кои се одржуваат на територијата на општина Кисела Вода (Сл. Гласник на општина Кисела Вода” бр. 14/2017 од 28.12.2017), Општина Кисела Вода објавува

**О Г Л А С**

**За материјална поддршка на спортските клубови, спортските здруженија и спортски манифестации**

Се повикуваат сите заинтересирани спортски клубови и спортски здруженија, кои егзистираат во општината Кисела Вода и со своите програми и активности придонесуваат за развојот на спортот и физичката култура кај децата и младите на територијата на општината Кисела Вода, како и спортските субјекти кои планираат организација на спортски манифестации на територијата на општина Кисела Вода да аплицираат за добивање на материјална поддршка за своето работење за тековната 2023 година.

Право на учество на огласот имаат сите спортски клубови и спортски здруженија кои се регистрирани и вршат дејност спорт во општина Кисела Вода, под услови утврдени со Закон иПравилникот за условите, начинот и постапката за доделување на материјална поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции кои извршуваат јавен интерес во спортот во општина Кисела Вода и спортски манифестации кои се одржуваат на територијата на општина Кисела Вода (Сл. Гласник на општина Кисела Вода” бр. 14/2017 од 28.12.2017 година).

**I Материјална поддршка на спортските клубови и спортските здруженија, кои извршуваат јавен интерес за развојот на спортот во општина Кисела Вода.**

Основни критериуми што треба да се исполнат од страна на спортските клубови и спортските здруженија:

- да поседуваат Решение за дејност спорт, издадено од Агенцијата за млади и спорт, со седиште на подрачјето на Општина Кисела Вода;
- да се членови на соодветните национални спортски федерации (за спортските клубови);

-сите спортски субјекти, апликанти на огласот, своите активности и програми да ги реализирале на територијата на Општина Кисела Вода;
- да имаат регистрирана и активна младинска школа, која земала учество во натпреварувачкиот систем на соодветната национална спортска федерација;

**II Доделување на материјална помош за организирање и реализација на спортски манифестации кои претставуваат јавен интерес за развојот на спортот во општината Кисела Вода**

Право на учество на јавниот оглас, во ставката II од овој оглас, имаат спортски клубови, спортски здруженија и спортски федерации кои ги исполнуваат следните основни критериуми:
- спортските субјекти манифестацијата да ја реализираат на територијата на општина Кисела Вода
- спортските субјекти да достават Решение за вршење дејност спорт, издадено од Агенцијата за млади и спорт, најмалку две години од објавувањето на овој оглас.
- спортските субјекти да достават програма и финансиски план за реализација на манифестацијата за која аплицираат, а истата да придонесува за развојот на спортот и спортските навики кај популацијата на локално ниво, особено кај младите.
- спортските субјекти да достават историја на спортската манифестацијата.

**IIIПостапка за доделување на материјална поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и спортски манифестации кои извршуваат јавен интерес во спортот во општина Кисела Вода.**

- Потребната документација за учество на огласот се доставува по пошта или во архивата на Општината.
- Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „ не отварај“ и со назнака „ Пријава за Оглас за доделување материјална помош на спортски клубови, спортски здруженија и спортски манифестации“и бројот на повикот.
- Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.
- Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице.
- Пристигнатите пријави ги отвара и разгледува Комисијаформирана од Градоначалникот, без присуство на пријавените кандидати.
- Некомплетните и ненавремено доставените пријави Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува кандидатите.
- помеѓу Општината и избраниот субјект се склучува Договор за доделување материјална помош.

**Субјектите, кои учествуваат на јавниот оглас кон пријавата треба да достават**:

- Годишна Програма за работа и функционирање на спортскиот клуб, односно спортското здружение. Да се нагласи, каква е политиката на спортскиот клуб и спортското здружение кон пионерите, кадетите и младинците, кои доаѓаат од социјално ранливи категорија на семејства, особено да се нагласи каква е политиката на клубот во делот на плаќање на членарина и обезбедување на спортска опрема за оваа категорија на деца-спортисти,

- Програма и финансиски план за реализација на спортската манифестација или приредба;
- доказ за регистрирана дејност;
- решение за вршење дејност спорт, издадено од Агенцијата за млади и спорт (за професионални спортски клубови);
- копија од тековната состојба на субјектот, не постара од 6 месеци, издадена од Централен Регистар на РМ;
- тел. за контакт, адреса, е-маил адреса и трансакциска сметка;
- Информација, на кој начин се финансирале во изминатите три години (генерален спонзор, повеќе спонзори, финансирање по пат на наплатување на тренажен процес),
- Информација, за изминатите три години, каде и во кои спортски сали (терени) го извршуваат тренажниот и натпреварувачкиот процес,
- Доколку спортските субјекти со своите програми учествуваат во натпреварувачки лиги организирани, од соодветната федерација, да се достави информација за степенот на натпреварувањето, како и евентуално за учество на натпревари од меѓународен карактер.

- Да се нагласат спортските успеси на спортските субјекти за спортската сезона 2021/2022 година, како и постигнатите резултати на апликантите за натпреварувачката сезона 2022-2023 заклучно со 31.01.2023 година, поткрепени со докази од соодветните спортски федерации или други спортски институции,
- Информација за пионерско младинските школи (доколку ги имаат организирано), да достават нивна програма за тековната 2023 година, како и да ги нагласат нивните спортски резултати  во спортската сезона 2021/2022 година,како и постигнатите резултати на апликантите за натпреварувачката сезона 2022-2023 заклучно со 31.01.2023 година, поткрепено со доказен материјал од соодветните спортски федерации и државни спортски институции.

Рокот за пријавување започнува од 31.01.2023 година и трае 5 работни дена, односно заклучно до 06.02.2023 година. Пријавите со целокупната документација се доставуваат лично, или по пошта на адреса: Општина Кисела Вода, ул. “Петар Делјан” бр. 17 или во архивата на општината со

назнака: Пријава за јавен оглас за материјална поддршка на спортски субјекти и манифестации - Комисија).

**Пријавата и образецот со упатство за пополнување се достапни на веб-страната на општината:www.kiselavoda.gov.mk.**

**Општина Кисела Вода**

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-401

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-793/2
30-01-2023 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 58 и член 114 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Да се објави во еден дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Северна Македонија, во текот на еден ден, како и на WEB страната на Општина Кисела Вода: www.kiselavoda.gov.mk., Огласот за доделување материјална поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и за организација на спортски манифестации бр.08-793/1 од 27.01.2023 година.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил,
Раководител на сектор
Трајче Јовановски дипл.прав.

Контролирал/одобрил,
М-р Мирко Ивановски

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

*ПРИЈАВА*

*за*

***апликација на Огласот за доделување на материјална поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции кои извршуваат јавен интерес во спортот во општина Кисела Вода и спортски манифестации кои се одржуваат на територијата на општина Кисела Вода***

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ И КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

**1**. Пријавата се пополнува со впишување податоци на означеното место.

**2.** Со Пријавата може да се достават и дополнителни материјали доколку се неопходни за дообјаснување на предлогот. Доставените материјали не се враќаат.

**3.** Комплетните пријави се доставуваат до архивата на општина Кисела Вода, лично или преку пошта на адреса: ул. “Петар Делјан” бр. 17, во предвидениот рок во огласот, најдоцна до 20.00 часот.

**4.** Пријавите и дкументацијата се доставуваат во затворен плик со ознака “не отворај” и со назнака “за оглас за доделување материјална помош на спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции и спортски манифестации” и бројот на повикот.

**5.** Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.

**6.** Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одгвоорното лице.

**7.** Сите пропратни документи (решение за вршење дејност спорт, копија од тековна сосотојба, доказ за регистрирана дејност и др. податоци) се доставуваат во фотокопија во прилог на пријавата.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

# П Р И Ј А В А

## ОПШТ ДЕЛ

| |
|---|
| **1. Општи податоци за спортските субјекти** |
| **Име / назив**<br>(На спортскиот клуб, спортското здружение, спортската институција кои извршуваат јавен интерес во спортот во Општина Кисела Вода и спортски субјекти кои одржуваат спортски манифестации на територијата на општината Кисела Вода) |
| Адреса |
| Телефон/факс/ е-адреса |
| ЕДБ |
| Ж-сметка |
| Решение за вршење дејност спорт |
| Копија од тековна состојба издадена од ЦР на РМ |
| **2. Статус на апликантот**<br>А. Спортски клуб<br>Б. Спортско здружение<br>В. Спортска институција<br>Г. Друго. |
| Одговорно лице |
| Звање |
| Адреса |
| Телефон/факс/ е-адреса |
| |
| **3. Материјална поддршка на спортски клубови и спортски здруженија** |
| 3.1. Годишна Програма за работа и функционирање на спортскиот клуб, односно спортското здружение. |
| 3.2. Информација, на кој начин се финансирале во изминатите три години (генерален спонзор, повеќе спонзори, финансирање по пат на наплатување на тренажен процес). |

| |
|---|
| 3.3. Информација, за изминатите три години, каде и во кои спортски сали (терени) го извршуваат тренажниот и натпреварувачкиот процес. |
| 3.4. Потврда дека се членки на соодветната национална спортска федерација и дека имаат регистрирана и активна младинска школа, која земала учество во натпреварувачкиот систем на соодветната национална спортска федерација ( за спортските клубови). |
| 3.5. Доколку спортските субјекти со своите програми учествуваат во натпреварувачки лиги организирани, од соодветната федерација, да се достави информација за степенот на натпреварувањето, како и евентуално за учество на натпревари од меѓународен карактер. |
| 3.6. Да се нагласат спортските успеси на спортските субјекти за спортската сезона 2022/2023, поткрепени со докази од соодветните спортски федерации или други спортски институции. |
| 3.7. Информација за пионерско младинските школи (доколку ги имаат организирано), да достават нивна програма за тековната 2023 година, како и да ги нагласат нивните спортски резултати за спортската сезона 2022/2023, поткрепено со доказен материјал од соодветните спортски федерации и државни спортски институции. |
| **4. Материјална поддршка на спортски институции кои извршуваат научни проекти од јавен интерес за развојот на спортот во општина Кисела Вода** |
| 4.1. План за реализација на научен проект од интерес на спортот во општината |
| 4.2. Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на научниот проект (број на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции и сл.). |

| |
|---|
| |
| 4.3. Вкупно лица вклучени во реализацијата |
| Вработени |
| Стручни лица |
| Административно – технички лица |
| Надворешни лица |
| Стручни лица |
| Административно – технички лица |
| **5. Материјална поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и спортски федерации за организирање и реализација на спортски манифестации кои се од јавен интерес за развојот на спортот во општина Кисела Вода** |
| 5.1. Програма и финансиски план за реализација на спортската манифестација или приредба |
| 5.2. Локација на одржување на манифестацијата/Образложение за тоа колку спортската манифестација придонесува за развојот на спортот и спортските навики кај популацијата на локално ниво, особено кај младите |

**ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

**СТРУКТУРА НА ПРИХОДИТЕ**

| | |
|---|---|
| **Побарани средства од Општина Кисела Вода** | |
| **Други извори на финансирање** | |
| Сопствено учество | |
| Спонзори | |
| Фондации | |
| Институции | |
| Остварени приходи | |
| Друго | |
| **Вкупно приходи** | |

**СТРУКТУРА НА РАСХОДИТЕ (вкупна сума)**

| | |
|---|---|
| Трошоци за стручни лица | |
| Трошоци за спортисти | |
| Трошоци за делегати и судии | |
| Трошоци за организација на натпревари | |
| Патни и дневни трошоци | |
| Ноќевања | |
| Транспорт | |
| Маркетиншки услуги | |
| Други трошоци (да се наведат детално)<br>- Надгледни средства<br>- Изнајмување простории<br>- Други трошоци | |
| **Вкупно расходи** | |

**ЗАБЕЛЕШКА:**

Износот на планираните приходи и расходи побарани од општината мора да биде **еднаков.**

**ЦЕЛИ И ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА**

| |
|---|
| |

**Д Р У Г О**

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

Одговорно лице

Во __________________, _____________ година.

___________________

**М.П.**